Уп. бр. 08-63

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Принц Саб Инк. (Prince Sub Inc.), друштво со главно седиште на адреса 1515 Бродвеј, Њујорк, Њујорк 10036, Соединети Американски Држави преку Татјана Поповски, Булоски, адвокат од Авокатско друштво Поповски и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 20.05.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Принц Саб Инк. (Prince Sub Inc.), друштво со главно седиште на адреса 1515 Бродвеј, Њујорк, Њујорк 10036, Соединети Американски Држави има намера да стекне целосна контрола над Ворнер Брос. Дискавери, Инк. (Warner Bros. Discovery, Inc.), со главно седиште на 230 Парк Авенија Саут, Њујорк, NY 10003, Соединети Американски Држави по пат на купопродажба на акции иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.03.2026 година, а дополнето на 21.04.2026 до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од Принц Саб Инк. (Prince Sub Inc.), друштво со главно седиште на адреса 1515 Бродвеј, Њујорк, Њујорк 10036, Соединети Американски Држави

со која Принц Саб Инк. има намера да стекне целосна контрола над Ворнер Брос. Дискавери, Инк. (Warner Bros. Discovery, Inc.) со главно седиште на 230 Парк Авенија Саут, Њујорк, NY 10003, Соединети Американски Држави по пат на купопродажба на акции.

На ден 07.04.2026 година Комисијата со заклучок Уп.бр.08-63 од: А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад „Пресвета Богородица“ бр.1,Скопје, ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ Кавадарци, ул. „Киро Крстев“ бр.8 Кавадарци, Трговско радиодифузно друштво КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица, ул. „Невена Стојкова“ бр.17 Струмица, Македонски Телеком АД Скопје, Кеј „13 Ноември“ бр.6 Скопје, МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, ул. „Максим Горки“ бр.11/1-кат 3, Скопје, Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип, Ул.„Ванчо Прќе“ бр.88. Штип, ТОТАЛ ТВ ДООЕЛ Скопје, ул. „Борис Трајковски“ бр.5, Скопје, Друштво со ограничена одговорност КДС-КАБЕЛ НЕТ Прилеп, ул.„Питу Гули“ бр.3 Прилеп побара да ги достават следните податоци: список на телевизиски канали наменети за деца кои ги емитувале, одделно во2024 и 2025 година и платен надомест за набавка на секој од детските канали одделно во 2024 и 2025 година (доколку еден договор се однесува на набавка на повеќе канали и е платен еден вкупен надомест, да се наведе надоместокот и да се наведат каналите за кои истиот е платен).

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 15.04.2026 година КДС-КАБЕЛ НЕТ Прилеп ги достави бараните податоци по електронска пошта.

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 16.04.2026 година А1 Македонија ДООЕЛ ги достави бараните податоци по електронска пошта (на 20.04.2026 година истиот ги достави податоците во оригинал)..

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 21.04.2026 година Македонски Телеком АД ги достави бараните податоци по електронска пошта (на 23.04.2026 година истиот ги достави податоците во оригинал).

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 23.04.2026 година ТЕЛЕКАБЕЛ ДООЕЛ Штип ги достави бараните податоци по електронска пошта и во оригинал

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 23.04.2026 година ИНЕЛ ИНТЕРНАЦИОНАЛ Кавадарци, ги достави бараните податоци по електронски пат (на 29.04.2026 година истиот ги достави податоците во оригинал).

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 28.04.2026 година КАБЕЛ-НЕТ ДОО Струмица ги достави бараните податоци по електронска пошта

Со допис наш Уп.бр.08-63 на ден 04.05.2026 година МТЕЛ ДООЕЛ Скопје ги достави бараните податоци.

Со допис наш Уп.бр.08-63 на 06.05.2026 година ТОТАЛ ТВ ДООЕЛ скопје ги достави бараните податоци.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната, прилозите кон истите и дополнително прибавените податоци го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Принц Саб Инк**. е целосно контролирано зависно друштво на Парамаунт Скајденс Корпорејшн (Paramount Skydance Corporation) со главно седиште на 1515 Бродвеј, Њујорк, NY 10036, Соединети Американски Држави. Парамаунт Скајденс Корпорејшн е глобална медиумска, стриминг и забавна компанија која создава содржини и искуства за публика ширум светот, вклучувајќи филмови, телевизиски серии и анимација.

Во 2024 и 2025 година, Парамаунт Скајденс Корпорејшн работело преку следните три сегменти:

- Филмска продукција (Filmed Entertainment), кој ги опфаќа и продукцијата и стекнувањето на филмови и серии за глобално прикажување и лиценцирање, вклучително во кино сали, на стриминг услуги, на телевизија, како и преку дигитални и физички формати за домашна забава (на пример, DVD/Blu-ray). Овој сегмент ги опфаќа Paramount Pictures, Paramount Animation и Miramax.

- Телевизиски медиуми (TV Media), кој се состои од:
  - операции на телевизиска мрежа за емитување (односно CBS Television Network во САД) и телевизиските станици на CBS во сопственост на компанијата низ САД;
  -кабелски телевизиски мрежи во САД (вклучително Nickelodeon, Comedy Central, BET и MTV) и меѓународни продолженија на некои од овие брендови; и
  -телевизиски студиски операции во САД и на меѓународно ниво, вклучително CBS Studios, кои продуцираат серии, вечерни и дневни програми, како и франшизи како „NCIS“ и „Star Trek“.

- Direct-to-Consumer („DTC“), кој ги опфаќа стриминг услугите Paramount+, Pluto TV и BET+ (последната е достапна само во САД). Paramount+ е услуга за видео на барање базирана на претплата (subscription-based video on demand или „SVOD“), која нуди филмови, серии, емисии и друга содржина од брендовите и студијата на Парамаунт Скајденс Корпорејшн, како и од трети страни. Pluto TV е бесплатна стриминг телевизиска услуга поддржана со реклами (free ad-supported streaming TV service или „FAST“), која главно нуди FAST канали со линеарен програмски распоред, како и одредена дополнителна содржина на барање од различни жанрови.

Парамаунт Скајденс Корпорејшн нема правно присуство во Република Северна Македонија, но е присутна преку:
-производство и лиценцирање на дистрибутивни права за филмови за кино прикажување (во 2024 и во 2025 година), производство и снабдување со аудиовизуелна (AV) содржина (во 2024 и 2025 година), големопродажба на телевизиски канали(во 2024 и 2025 година), малопродажна понуда на аудиовизуелни услуги (SVOD) (во 2024 и 2025 година), развој и издавање на видео игри (во 2024 година) и лиценцирање на права на интелектуална сопственост за продажба на брендирани производи (во 2024 година).

**Ворнер Брос. Дискавери, Инк**. е јавно котирана глобална медиумска и компанија од индустријата за забава со седиште во Соединетите Американски Држави, која создава и дистрибуира разновидно портфолио на содржини и производи преку телевизија, филм,

стриминг и интерактивни игри. Портфолиото на брендови и продукциски средства на Ворнер Брос. Дискавери, Инк вклучува, меѓу другото, Discovery Channel, CNN, DC Studios, New Line Cinema, TNT Sports, Eurosport, Max, HBO, Warner Bros. Motion Picture Group („WBMPG“), Warner Bros. Television Group („WBTVG“) и Warner Bros. Games.

Ворнер Брос. Дискавери, Инк работи преку следните три сегменти:

- Direct-to-Consumer (DTC), кој главно опфаќа Pay-TV и стриминг услуги.

- Продукциски Студија (Studios), кои главно опфаќаат продукција и издавање на долгометражни филмови за нивно првично прикажување во кина, продукција и првично лиценцирање на телевизиски програми на мрежите и DTC услугите на Ворнер Брос. Дискавери, Инк, како и на трети страни, дистрибуција на филмови и телевизиски програми на Ворнер Брос. Дискавери, Инк до различни трети и внатрешни телевизиски и стриминг услуги, дистрибуција преку домашна забава (физичка и дигитална), поврзани потрошувачки производи и лиценцирање на тематски искуства, како и видео игри..

- Телевизиски мрежи (Networks), кои главно ги опфаќаат домашните и меѓународните телевизиски мрежи на Ворнер Брос. Дискавери, Инк.

Ворнер Брос. Дискавери, Инк. нема правно присуство во Република Северна Македонија, но е присутна преку[1]: производство и снабдување со аудиовизуелна (AV) содржина (во 2024 и 2025 година), големопродажба на телевизиски канали (во 2024 и 2025 година), малопродажна понуда на аудиовизуелни услуги (SVOD) (во 2024 и 2025 година), развој и издавање на видео игри (во 2024 и 2025 година), обезбедување на простор за ТВ рекламирање (во 2024 и 2025 година) и лиценцирање на права на интелектуална сопственост за продажба на брендирани производи (во 2024 и 2025 година).

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

---

[1] XXX (податокот претставува деловна тајна)

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**